## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АРХИВСКИ МАТЕРИЈАЛ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за архивски материјал, што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 15 јануари 2018 година

Бр. 08-364/1 Претседател

15 јануари 2018 на Република Македонија,

Д-р Ѓорѓе Иванов, с.р

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АРХИВСКИ МАТЕРИЈАЛ

**Член 1**

Во Законот за архивски материјал („Службен весник на Република Македонија“ бр.95/12, 41/14, 72/15, 148/15, 169/15 и 53/16), во член 1-а став 4 точка 5) во алинејата 4 сврзникот „или“ се заменува со запирка.

Во алинејата 5 сврзникот „и“ се заменува со сврзникот „или“.

По алинејата 5 се додава нова алинеја 6, која гласи:

„- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2)“.

Точката 6) се брише.

**Член 2**

Одредбите од член 1-а став 4 точка 5) од Законот за архивски материјал („Службен весник на Република Македонија“ бр.95/22, 41/14, 72/15, 148/15, 169/15 и 53/16) и одредбите од член 1 од овој закон со кој член 1-а став 4 точка 5) се дополнува со нова алинеја 6, нема да се применуваат од денот на влегувањето во сила на овој закон до 1 септември 2018 година.

**Член 3**

Директорот кој е именуван во периодот од денот на влегувањето во сила на овој закон до 1 септември 2018 година, е должен да го исполни условот за познавање на странски јазик најдоцна во рок од една година од денот на неговото именување.

На директорот кој нема да го исполни условот за познавање на странски јазик во рокот утврден во став 1 на овој член му престанува мандатот.

**Член 4**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.